Врз основа на член 144 став 3, член 145 став 2 и член 153 - к од Законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РМ бр. 38/91,46/93,55/95 и 10/04), и член 14 од Статутот на Лекарската комора на Македонија, Собранието на Лекарската комора на Македонија на 30.03.2005 година , донесе

# ПРАВИЛНИК
***за стручниот испит на докторите на медицина и за издавање на основна лиценца***

## *I. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### *Член 1*

Со овој правилник се пропишува составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и образците на уверението за положениот стручен испит, основната лиценца, како начинот на издавање на основната лиценца на здравствените работници со високо образование од областа на медицината (во натамошнот текст: доктор на медицина).

## *II. СОСТАВ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА*

### *Член 2*

Испитните комисии пред кои докторите на медицина го полагаат стручниот испит се состојат од седум члена.

### *Член 3*

За член на испитната комисија се определува доктор на медицина, согласно програмата за приправничкиот стаж, акредитиран од Комисијата за стручни прашања на Лекарската комора на Република Македонија, кој не бил поврзан со обуката на кандидатот за време на спроведувањето на приправничкиот стаж.

За член на испитната комисија ќе се акредитира доктор на медицина кој ги исполнува следните критериуми: 1. Лиценца за работа издадена од Лекарската комора на Македонија; 2. Доказ за тимска работа - приложена потврда за учество во: проекти, стручни/или научни колегиуми односно одбори во институции или здруженија одбори на конгреси, симпозиуми и други форми на стручно или научно усовршување; 3.Доказ за искуство во настава и/или оценување.

Лекарската комора на Република Македонија врз основа на предлогот на Комисијата за стручни прашања, има листа на акредитирани доктори на медицина од кои се бираат членовите на испитните комисии.

Еден од членовите на испитната комисија е правник со најмалку 5 годишно искуство во областа на здравството.

По исклучок од став 1 на овој член, за член на испитните комисии можат да бидат избрани и лица кои биле вклучени во процесот на обука на кандидатите ако се спроведува методот на истовремена проценка на група кандидати, а не на поединечен кандидат.

***Член 4***

Испитните комисии имаат акт за формирање во кој се содржани претседател, членови и нивни заменици, начинот на вршење на административно техничките работи во врска со организирањето и полагањето на стручниот испит и други прашања од значење за работата на испитните комисии.

Испитните комисии имаат и записничар.

## ***III.НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И НА ПРОВЕРКАТА НА СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ***

***Член 5***

Докторот на медицина кој го завршил приправничкиот стаж (во натамошниот текст: кандидатот) најдоцна во рок од шест месеци поднесува писмена пријава за полагање на стручниот испит.

Со пријавата од став 1 од овој член кандидатот приложува оверен препис или оверена копија за завршен Медицински факултет и приправничка книшка пополнета и оверена согласно Правилникот за планот и програмата за приправничкиот стаж.

***Член 6***

Лекарската комора на Република Македонија го одобрува полагањето на стручниот испит ако од приправничката книшка утврди дека кандидатот го завршил приправничкиот стаж според пропишаниот план и програма.

Известувањето за одобрување на полагање на стручниот испит и за времето и местото на полагањето се доставува до кандидатот најдоцна 15 дена пред денот определен за полагање на стручниот испит. На ист начин се доставува и известувањето со кое на кандидатот не му се одобрува полагање на стручниот испит во кое се наведуваат и причиите за одбивањето.

Кандидатот добива и упатство за начинот на полагање на стручниот испит.

До испитната комисија се доставува листа на идентификациони броеви на кандидатите кои го полагаат стручниот испит.

*Член 7*

Кандидатот стручниот испит го полага во времето и на место определено за полагање.

На барање на кандидатот испитот може да се одложи поради определени причини (болест, породилно отсуство и повик од надлежни органи).

*Член 8*

Пред отпочнување на испитот испитната комисија врши увид во приправничката книшка за начинот на кој е спроведен приправничкиот стаж.

*Член 9*

Стручниот испит се состои од писмен, практичен и устен дел.

Писмениот дел од испитот се спроведува преку писмен метод на прашања со избор на точен одговор од предложените.

Од како кандидатот позитивно ќе го положи писмениот дел од испитот се упатува на полагање на практичниот дел од испитот.

Практичниот дел од испитот се спроведува преку методот на симулирана или реална ординација или објективно структурирано клиничко испитување (ОСКИ) како метод на проценка.

Во текот на спроведување на практичните методи на проценка од став 3 на овој член, испитната комисија го набљудува кандидатот во однос на комуникациските вештини, во изведувањето на клиничките вештини и во интерпретацијата на наодите од дијагностичките иследувања.

Усниот дел од испитот се спроведува преку метод за проценка. Се користи методот за дискусија за медицинско етички проблем, во кој се ценат ставовите и професионалното однесување на кандидатот.

*Член 10*

За текот на стручниот испит и проверката на стекнатите знаења и вештини се води записник образец бр. 1 кој е составен дел од овој правилник.

*Член 11*

По завршувањето на секој дел од стручниот испит, испитната комисија го оценува успехот на кандидатот.

Успехот се оценува со “положил” или “не положил”.

Ако кандидатот не положил некој од деловите на стручниот испит, може повторно да го полага тој дел од испитот во рок од три месеци, во спротивно стучниот испит се полага повторно.

*Член 12*

Стручниот испит се смета за положен ако испитната комисија оценила дека кандидатот ги положил сите три дела на стручниот испит.

По завршувањето на испитот претседателот во присуство на сите членови на испитната комисија го известува кандидатот за резултатот од полагањето на стручниот испит.

***Член 13***

Кандидатот кој не го положил испитот може повторно да го полага испитит во рок кој не може да биде покус од 3 месеци но не подолг од 6 месеци.

Ако кандидатот и по втор пат не го положи испитот, се упатува на повторно обавување на приправничкиот стаж.

***Член 14***

На кандидатот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит на образец бр. 2., кој е составен дел на овој правилник.

Уверението за положен стручен испит од став 1 на овој член содржи текст: ”Република Македонија”; под него: “Лекарска комора на Република Македонија”; а под него десно место за: број, дата и место; под него стои текстот “Врз основа на член 14 став 1 од Правилникот за стручниот испит на докторите на медицина и за издавањето на основна лиценца (“Службен.Весник на РМ” бр.......) Лекарската комора на Република Македонија го издава следното:” под него во средина стои текст: “Уверение”; под него место за впишување на презиме, татково име и име на докторот на медицина; па следи текст: ”доктор на медицина на работа во” со простор во кој се впишува здравствената организација во која работи; па следи “роден-а ден, месец, година и место на раѓање, ”општина“ со простор за впишување на податоци; па следи “Република” па следи ден, месец и година со простор на впишување на податоците и текстот;” полагаше стручен испит пред испитна комисија при Лекарската комора на Република Македонија”. Под него во нов ред стои “Според оценката на испитната комисија” со празен простор за презиме, татково име и име на докторот и текстот: ”го положи стручниот испит”; Долу десно стои текстот “Претседател на испитната комисија” и под тоа празен простор за потпис на претседателот на комисијата; а долу лево стои “Претседател на Комората” и под него празен простор за потпис на претседателот на Комората.

Уверението се издава во три примероци од кои еден примерок се врачува на кандидатот кој го положил стручниот испит.

***Член 15***

Комората води евиденција за полагањето и резултатите од стручните испити и издадените уверенија за положен стручен испит.

## *IV. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ЛИЦЕНЦА*

### *Член 16*

Лекарската комора на докторот на медицина кој го положил стручниот испит му издава основната лиценца во рок од 30 дена од полагањето на стручниот испит.

### *Член 17*

Докторите на медицина кои завршиле високо образование во странство, поднесуваат писмено барање за издавање на основна лиценца. Кон барањето доставуваат и нострифицирана диплома за завршен Медицински факултет.

Ако докторот од став 1 од овој член го поминал приправничкиот стаж и положил стучниот испит во странство, покрај нострифицирана диплома за завршен Медицински факултет доставува и доказ за признаен приправнички стаж и положен стручен испит.

### *Член 18*

Доказите од член 17 од овој правилник се доставуваат во оригинал или копија заверена од надлежен орган.

## V. *ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОСНОВНАТА ЛИЦЕНЦА*

### *Член 19*

Основната лиценца се издава на образец кој има правоаголна форма со димензии 21x30 см.

### *Член 20*

Основната лиценца се издава на образец бр 3., кој е составен дел на овој правилник и од горе надолу содржи: на средината стои текстот: "грбот на Република Македонија под него стои: "Лекарска комора на Република Македонија издава", па на средина стои "Основна лиценца"; под него стои текстот: "име, татково име, презиме и регистарски број" со место за внесување на податоците, па следи "број и датум" со просторот за впишување на бројот на лиценацата и денот на издавање, а под него текстот "Скопје", долу лево стои текстот;" Претседател на Комисија за етички и правни прашања" и под тоа празно место за потпис на Претседателот на Комисијата; а долу десно стои текстот "Претседател на Комора" и под тоа празно место за потпис на Претседателот; Во средината стои" "МП".

## *VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

***Член 21***

Со денот на влегување во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за приправнички стаж и за стручниот испит на здравствените работници (Сл. Весник на РМ, бр. 6/92,61/94) кои се однесуваат на составот на испитните комисии и начинот на полагањето на стручните испити на здравствените работници со завршен медицински факултет.

***Член 22***

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ке се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

*Бр.02-312/11* *Претседател на*
*30.03.2005година* *Лекарска комора на Македонија*
*С к о п ј е* **Д-р Алексеј Дума**

**Образец бр 1.**

## ЗАПИСНИК

На испитаната комисија за полагање на стручниот испит на здравствените работници со високо образование од областа на медицината формирана со решение на Лекарската комора на Република Македонија бр.____________ од __________________.

Испитот го полага ________________________________________________

/име, татково име и презиме/

роден-а__________________________________, во______________________

завршено високо образование_______________________________________

занимање____________________________________________________

Писмениот испит го полагаше на______________________20______ година

Практичниот дел го полагаше на___________________20______ година

кандидатот ги покажа следните резултати:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________

Усниот дел го полагаше на__________________________20_________година

На кандидатот му се поставени следните прашања:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_________________________________________________________

По завршеното испитување испитаната комисија го денесува следниот

ЗАКЛУЧОК:

1. Кандидатот го положил испитот - целосно
2. Кандидатот го положил испитот -делумно

   -писмен дел

   -практичен дел

   -уснен дел
3. Кандидатот не го положил испитот.

| Записничар | Преседател на<br>Испитата комисија |
|---|---|
| _______________ | ______________________ |

Членови на Комисијата :

1.______________________

2.______________________

3.______________________

4.______________________

5.______________________

6.______________________

**Република Македонија**

**Лекарска комора на Република Македонија**

**Бр.______________________**

**_____________20_______год.**

**_________________________**

Врз основа на член 14 став1 од Правилникот за стручниот испит на докторите на медицина и за издавање на основна лиценца ("Службен весник на РМ", бр.____________), Лекарската комора на Република Македонија, го издава следното

**У В Е Р Е Н И Е**

__________________________________________________, доктор на медицина

на работа во ________________________________________, роден-а на ден и

месец________________година_________,во_____________________општина

______________________,Република___________________________, на ден

________________________________полагаше стручен испит пред

испитната комисија при Лекарската комора на Република Македонија.

Според оценката на испитната комисија, _______________________________

/Име, таткóво име и презиме/

го положил стручниот испит.

**Претседател на**
**Испитна комисија**

**Претседател на**
**Лекарска комора на РМ**

**_____________________** **М.П** **__________________________**

**Образец бр.2**.

**Л Е К А Р С К А   К О М О Р А  Н А  Р Е П У Б Л И К А**
**М А К Е Д О Н И Ј А**

**ИЗДАВА**

***О С Н О В Н А   Л И Ц Е Н Ц А***

***НА***

______________________________________________________

*( Име , татково име и презиме)*

**Регистарски број ___________________**

______________________

**( дата и место)**

*Претседател на Комисија*
*За етички и правни прашања*
__________________________

*Претседател на Лекарска*
*комора  на Република Македонија*
__________________________________

**Образец бр.3.**